СОВЕТИ

ЗА ПОДОБРА САБОТНА ШКОЛА



ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2026

Сабота, 3 октомври 2026

Благодарете за сè

„Благодарете за сè, зашто тоа е Божјата волја за вас во Христа Исуса!“ ***(1. Солуњаните 5,18)***

Овој библиски налог изгледа како да е тешко да се извршува! Меѓутоа, кога еднаш ќе го извршиме, ќе установиме дека тој е патека која води во траен мир и радост во Светиот Дух, и покрај маките и потиштеностите кои ги донесуваат тешките животни прилики. Бидејќи Бог дејствува во нашиот живот, сите неволји конечно ќе се покажат како благослов. Според тој јасен библиски текст, ако не се заблагодаруваме и за оние прилики кои ни се чинат тешки, не се наоѓаме внатре во рамките на Божјата волја.

„Во својата голема љубов Бог настојува да ги развие во нас скапоцените вештини на својот Дух. Тој дозволува да се соочуваме со пречки, прогонства и тешкотии, но не како со проклетство, туку како со најголем благослов во својот живот. Секое совладано искушение, секоја неволја што храбро ќе ја пребродиме, претставува за нас ново искуство и нè унапредува во делото на изградување на карактерот. Душата, која со божествената сила се спротивставува на искушението, на целиот свет и на целата вселена му ја открива дејствувачката сила на Христовата благодат“ (Елена Вајт, Мисли од Гората на блаженствата 117).

„Оние кои својот живот ќе го потчинат на Неговото водство и ќе се посветат на Неговата служба, никогаш нема да се најдат во положба за која Тој веќе не подготвил излез. Без оглед на положбата во којашто се наоѓаме, ако ја исполнуваме Неговата реч, имаме Водич кој ги насочува нашите чекори; без оглед на нашата збунетост, ние имаме сигурен Советник; без оглед на нашата тага, жалост, осаменост, имаме Пријател кој сочувствува со нас“ (Елена Вајт, Служба на исцелување 428. 429)

„Да дозволиме неволјите, кои толку сурово нè мачат, да станат пауки кои ќе нè поттикнат да тргнеме напред кон наградата на нашиот возвишен повик во Христа. Нека нè храбри мислата дека

нашиот Господ скоро ќе дојде. Во таа надеж нека се радува нашето срце!“ (Елена Вајт 9Т 287).

„Кога ќе се соочиме со животните страдања, да побараме од Бога да ни даде таква вера за да можеме да се заблагодаруваме за сè, со што се соочуваме. Бидејќи благодарењето за сè е патека на мирот.

Сабо̄та, 10 окто̄мври 2026

Без дејство

Испитувањата покажуваат дека таблетите направени од шеќер или скроб, кои немаат никакво лековито дејство, можат да отстранат многу симптоми кај болните кои веруваат дека го добиваат вистинскиот лек. Неодамнешните истражувања покажале дека една од три личности сметаат дека таквиот „лек“ е многу добар, дури и ако им се каже дека тоа е обичен шеќер или скроб. Тоа покажува колку умот силно влијае на телото. Тој факт може да има примена и во религиозното опкружување и верата. Како што таблетата шеќер се чини дека ги олеснува телесните мачнини, погрешните верувања за Бога често доведуваат до лажни чувства на мир и среќа. Кога тоа ќе се случи, човекот кој има духовни потреби повеќе не чувствува лична потреба за Спасителот.

Фарисејот, опишан во евангелието според Лука 18 глава, е пример за човек кој го покажал дејството на „таблетите од шеќер“ потполно нелековитите супстанции, т.е. лажни верувања. Ја проголтал идејата за себе, која направила да мисли дека му е угоден на Бога. Бил уверен дека тоа што го прави и што го кажува е правилно, веројатно се чувствувал потполно правичен, полн со самодоверба и поради тоа чувствувал задоволство. Меѓутоа, неговата вистинска состојба била иста како и порано, бидејќи ги „лекувал“ само симптомите на самоправедност, но не и причината. Сам себеси си честитал пред Бога, меѓутоа, единствениот кој тој ден бил „исцелен“, бил оној цариник кој се каел. Како грешник, ја

увидел правата вистина за самиот себе и го молел Бога да му помогне. Погрешните верувања за Бога и гревот можеби ви се чинат дека дејствуваат, но погубно е да се потпирате на нив! Чувствата не се доказ за вистинската вера.

„Никој не е во состојба, откако ќе се согледа себеси, во себе да пронајде нешто што би го препорачало кај Бога или би му осигурало прифаќање пред Бога. Грешникот може да најде пристап кај Бога единствено преку Исуса, кого Таткото го дал за светот да може да добие живот. Само Исус е наш Откупител, наш Застапник и Посредник. Тој е нашата единствена надеж и простување, мир и праведност. Единствено со заслугата ~~за~~ Христовата крв, оптоварената душа со грев може повторно да стане здрава...

Без Христос немаме никакви заслуги, никаква праведност. Нашата грешност, нашата слабост, нашето човечко несовршенство ни оневозможуваат да стапиме пред Бога, сè додека не ја примиме неизвалканата облека на Христовата праведност...

Кога ќе одговориме на Христовиот повик, кога ќе му се придружиме, покажуваме спасоносна вера... Верата ја запознава душата со Божјото постоење и Неговата присутност, и гледајќи ја единствено Божјата слава, сè повеќе ја препознаваме убавината на Неговиот карактер и совршенството на Неговата благодат. Нашата душа е зајакната со духовна сила, бидејќи веќе ја вдишуваме атмосферата на Небото... Ние се издигнуваме над светот, и гледаме само на Оној кој е Заповедник над небесните војски, кој е толку мил, а гледајќи на Него, се преобразуваме во Неговиот лик“ (Елена Вајт, 1SM 331–335)

Сабота, 17 октомври 2026

Помош во миговите на искушение

„Цело Небо е заинтересирано за делото кое се извршува на оваа Земја, дело преку кое многу мажи и жени треба да се подготват за идниот бесмртен живот. Според Божјиот план, човечките орудија

ќе ја имаат таа чест, како соработници со Исуса Христа да работат на спасување на душите... Луѓето на Божјото дело треба да гледаат како на свето и богоугодно, секој ден на Бог да му принесуваат жртви на радост и благодарност, во замена за силата на Неговата благодат со која се оспособени да напредуваат во духовниот божествен живот... Никој не мора да им подлегне на сатанските искушенија, да ја повреди својата совест и да го ожалости Светиот Дух. Бог во својата Реч изобилно се погрижил, на сите кои се трудат да победат, да им ја даде потребната помош“ (Елена Вајт, 5Т 573. 574).

„Во верскиот живот на секоја душа, која конечно ќе излезе како победник, ќе има моменти на неприлики и неволји; но, познавањето на Писмото ќе ги оспособи да се потсетат на Божјите утешни ветувања, кои ќе го охрабрат срцето и ќе ја зајакнат верата со силата на Семоќниот. Таа душа ќе чита: „...та вредноста на вашата вера, која е поскапоцена од пропадливото злато - кое се испитува во оган - да се покаже, за пофалба, слава и чест, при откровението на Исуса Христа“ (1. Петрово 1,7).

Проверката на верата е поскапоцена и од злато! Сите мораат да сфатат дека тоа е дел од дисциплината во Христовата школа за дисциплина, која е неопходна да се исчистат и облагородат од трошките на световност...

Соберете ја сета своја сила за да го подигнете погледот, а не да го спуштате над своите маки; ако така правите никогаш нема да потклекнете на патот! И тогаш брзо ќе го видите Христос зад облакот, како ви подава рака за да ви помогне: сѐ што треба да направите е со едноставната вера да Му пружите рака за да ви помогне и да Му дозволите да ве води... Големите имиња меѓу луѓето се како траги во песок, но неизвалканиот карактер ќе остане за сета вечност. Бог ви дал интелигенција и ум способен да размислува за да можете да се потпрете на Неговите ветувања; а Исус е подготвен да ви помогне да изградите силен и хармоничен карактер“ (Елена Вајт, 5Т 578.579).

Сабота, 24 октомври 2026

Во најмрачниот час

Можеби ќе бидете разочарани, можеби ќе ви бидат ускратени вашите патишта и она што би било по ваша волја; но бидете сигурни дека Бог ве сака. Можеби ќе ве испече огнот од печката, не за да ве уништи, туку за да го изгори троскотот, за да се прочистите како злато. Имајте на ум дека Бог ќе ви даде песна во ноќта. Темнината може да изгледа дека ќе ве голтне, но вие не треба да ги гледате облаците. Над најтемниот облак постои Сонцето кое никогаш не го губи својот сјај. Господ има светлина за секоја душа. Отворете ја вратата на своето срце за надеж, мир и радост. Исус вели: „Ова ви го реков за да биде Мојата радост во вас, и вашата радост да биде полна“ (Јован 15,11)

Бог за секој од нас има посебна задача, и секој може добро да ја изврши задачата која Бог му ја доделил. Единствено од што треба да се плашиме е можноста да не ги држиме своите очи постојано насочени кон Исус, да не ја вреднуваме Божјата слава повеќе од сè на светот и кога ќе бидеме повикани да го оставиме своето оружје и да заспиеме со смртен сон, да не бидеме подготвени да положиме сметка за укажаната доверба. Ниту за момент немојте да заборавите дека сте сопственост на Христос, купени со бесконечно скапа цена, и дека треба да го прославите Него во својот дух и своето тело, бидејќи сте Негови...

Бог дал мелем за секоја рана. Постои мелем во Галад, таму постои и Лекар. Зар нема сега, како никогаш досега, да го проучувате Светото писмо? Молете се на Господа за мудрост во секоја опасност. Барајте од Исуса да ви го покаже излезот од вашите неволји во секое искушение, и тогаш вашите очи ќе ви се отворат за да го видите лекот, и во својот случај да ги примените исцелувачките ветувања кои се запишани во Неговата реч. На овој начин непријателот нема да има прилика да ве доведе во состојба на жалост и недоверба, туку, наместо тоа ќе имате вера, надеж и храброст во Господа. Светиот Дух ќе ви даде јасно да го распознаете, видите и

усвоите секој благослов кој ќе дејствува како противотров насочен кон тагата, како гранка на исцелување за секоја капка горчина која ќе биде принесена до вашите усни (Елен Вајт, Selected Messages, b2, p. 272-274).

Сабота, 31 октомври 2026

Да биде светлина која блеска

„Преку социјалните односи христијанството доаѓа во допир со светот. Секој оној што го примил божественото просветлување треба да го осветли патот на оние кои не ја познаваат Светлината на животот... Силата на дружењето, посветена со Христовата благодат, мора да се искористи за да се придобијат душите за Спасителот. Светот нека види дека ние не сме себично окупирани само со своите интереси, туку дека сакаме со другите да ги делиме благословите и предностите. Нека види дека нашата религија не нè прави немилосрдни и строги. Сите што велат дека го нашле Христа, трева да служат како Него за доброто на другите луѓе.

На светот никогаш не смееме да му оставиме лажен впечаток дека христијаните се мрачни, несреќни луѓе. Ако нашите очи се насочени кон Христа, ќе го видиме Откупителот полн со сочувство и ќе блескаме со светлоста од Неговото лице. Каде и да владее Неговиот Дух, тука продолжува мирот. Тука ќе биде и радоста, бидејќи е присутна смирена, света доверба во Бога.

Христос е задоволен од своите следбеници кога покажуваат дека, иако се човечки суштества, учествуваат во божествената природа. Тие не се кипови, туку живи мажи и жени. Нивните срца, освежени од росата на божествената благодат, се отвораат и се шират кон Сонцето на правдата. Светлината што ги осветлила, се шири кон другите во облик на дела кои блескаат со Христовата љубов“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* 152.153)

„Признавањето на верата што ја посведочиле мачениците и светите им била од полза на подоцнежните поколенија. Живите примери на светост и на непоколеблива чесност се сочувани да

влеат храброст во оние што сега се повикани да станат сведоци за Господа. Тие не ја примиле милоста и вистината само за себе, туку преку нив и земјата да биде осветлена со познавањето на Бога. Дали Бог во ова поколение им дал видело на своите слуги? Тогаш тие нека дозволат тоа да свети на светот“ (Елена Вајт, *Големата борба,* 459).

„Ние треба да бидеме канали преку кои Господ ќе може да испраќа светлина и благодат во светот... Целата црква, дејствувајќи како целина, споена со врските на совршено единство, треба да стане жива, активна мисионерска сила, која ја придвижува и со која управува Светиот Дух“ (Елена Вајт, 8T 46.47).

Сабота, 7 ноември 2026

Ожалостен од нашите сомнежи

„Секое огорчение, и јарост, и гнев, и викање и хулење, да бидат отстранети од вас, со секаква злоба“ (Ефесјаните 4,31).

Кога изгледа дека се сомневаме во Божјата љубов, и дека немаме доверба во Неговите ветувања, ние го срамиме Бога и го ожалостуваме Неговиот Свет Дух... Како нашиот Небесен Татко да се однесува кон нас кога немаме доверба во Неговата љубов која го навела да го жртвува својот единороден Син за ние да добиеме живот? Апостолот напишал: „Оној, кој не Го поштеди ни сопствениот Син, туку Го предаде за сите нас, како не ќе ни подари сè друго со Него?“ (Римјаните 8,32). Сепак, колку има од оние кои со своите дела, а не со своите зборови, ~~зборуваат~~: „Господ при тоа не мисли на мене. Можеби ~~сака некој друг~~, но не и мене“ (SC 118. 119).

Верата го држи Бога за збор, и не бара да разбере сè што е поврзано со тешките искуства со кои се соочува. Меѓутоа, има многу такви кои имаат само малку вера... Тешкотиите со кои се соочуваат, наместо да ги приближат кон Бога, ги одвојуваат од Него, бидејќи тие во нив предизвикуваат немир и незадоволство. Дали е во ред што се толку незадоволни? Исус е нивен Пријател.

Целото небо е заинтересирано за нивното добро, и нивниот страв и незадоволство го ожалостува Светиот Дух. Ние треба да веруваме секогаш, а не само кога гледаме или чувствуваме дека Бог нè слуша. Неопходно ни е да се научиме да се потпираме на сите Негови ветувања... Кога ќе го побараме Неговиот благослов, треба да веруваме дека ќе го примиме и да му се заблагодариме бидејќи сме го добиле. А потоа треба да ги извршуваме своите должности, сигурни дека благословот ќе биде испратен во време кога ќе ни биде најпотребен (GW 261).

Многу сериозен престап е да го ожалостуваме Светиот Дух, а Тој се ожалостува кога човечкото орудие се обидува да работи само, кога одбива да стапи во Господовата служба, бидејќи крстот му изгледа премногу тежок или самооткажувањето преголемо. Светиот Дух сака да живее во секоја душа. Доколку го поздравите со добредојде како почесен Гостин, Тој ветил дека сите што ќе го примат, ќе станат совршени во Христа (~~ЦХ~~ 561).

Ние можеме да зборуваме за благословите на Светиот Дух, но ако не се подготвуваме себеси да Го примиме, тогаш од каква полза ќе ни бидат сите наши напори? Дали тежнееме за Неговото совршенство, секогаш итајќи кон целта што ни е поставена – совршенството на Неговиот карактер? Кога Господовиот народ ќе ја достигне таа цел, ќе биде запечатен на своите чела. Исполнет со Духот, ќе биде совршен во Христа, и ангелот записничар ќе објави: 'Се сврши!" (SDA BC 6, 1118).

Сабо̄та, 14 ноември 2026

Христијанска трка

„Да го отфрлиме секое бреме и грев што се прилепил за нас, и со трпение да трчаме во битката што ни е одредена", пишува апостол Павле во Евреите 12,1. Во првиот текст една многу позната јавна игра од времето на Павле, е употребена како опис на христијанската трка. Учесниците во трката се подложувале на исцрпувач-

ки процес на подготовка, прифаќајќи најостро самоодрекување за да ја остварат најповолната состојба на физичките сили, и тогаш тие сили се изложувале на најголеми напори за да добијат чест и да го примат пропадливиот венец. Некои никогаш не успеале да заздраваат од напорот. Тркачите понекогаш, што било последица од страшното напрегање, паѓале крај патеката, крварејќи од устата и носот. Други се разделувале од животот, цврсто држејќи го венецот кој толку многу скапо ги чинело.

Павле ги споредува Христовите следбеници со натпреварувачите во таа трка и вели: „Секој натпреварувач се воздржува од сѐ, тие, за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив“ (1. Коринќаните 9,25). Павле овде ја нагласува острата спротивност помеѓу едните и другите за да ги изложи на срам слабите напори на таканаречените христијани, кои се борат за своите себични интереси и одбиваат со своето самоодрекување и со строго умерени навики себеси да се доведат во состојба да можат да постигнат успех и да ги победат своите слабости. Сите оние што се запишале во натпреварувачката листа за оваа трка, биле весели и возбудени, надевајќи се на наградата ако постигнат успех. На ист начин наградата била издигната и пред христијаните, награда за верност до крајот на трката. Доколку добијат награда, нивната идна среќа ќе биде осигурана; вечна и од сѐ поважна слава наменета за победниците...

Почесниот венец во трките бил ставан да биде пред очите на натпреварувачите чии очи, доколку и барем за момент се најдат во искушение да ги намалат своите напори, можат да ја видат наградата и така да бидат вдахнати да направат нов напор и ревност. Така и небеската цел постојано им стои на видик на христијаните за да може да влијае на нив и да ги вдахне со нов жар и со нова сила...

Во земните трки сите трчаат, но само еден го добива венецот... Во христијанската трка не е така. Никој сериозен и истраен нема да доживее неуспех. Трката не е само за брзите како што ни битката не е само за силните. И најслабиот светец, како и најсилниот, може да ја добие круната на вечната слава, доколку биде сериозен и не се притеснува од какво било самоодрекување или загуба поради Христа“ (Елена Вајт, Review and Herald, 18 октомври 1881 година).

Сабота, 21 ноември 2026

Тешко мене

Група туристи ја разгледувале куќата во која познатиот Бетовен ги поминал последните денови од својот живот. Водичот ги повел луѓето во една соба во која се наоѓал стар клавир. Откривајќи го, рекол: „Ова бил клавирот на Бетовен!“ Од групата веднаш истапила една млада жена, седнала покрај клавирот и почнала да свири една соната од Бетовен. Потоа се свртела кон водачот и му рекла: „Веројатно многу посетители сакаат да седнат покрај овој клавир и да отсвират некое Бетовеново дело“. Чуварот смирено ѝ одговорил: „Знаете, драга госпоѓо, минатата година овде беше познатиот пијанист Падеревски и луѓето кои беа околу него го молеа да им отсвири нешто на тој клавир, а тој одговори: Не можам, не сум достоен за тоа!“

Откако Исаија ја доживеал Божјата светост, повикал: „Тешко мене!“ (6,5). На крајот на сите свои страдања, Јов понизно признал? „Затоа, се гнасам од сите свои зборови и се каам во прав и пепел“ (42,6). Здравото чувство на недостојност пред Бога прави уште повеќе да се потпреме на Исусовата достојност и неговата вредност. Во тоа е тајната на постигнувањето на сличноста со Него.

Колку помали стануваме, толку повеќе простор Бог има во нас. Така е тоа во христијанското растење. Како што верниците стануваат сè слични на својот Спасител, толку повеќе се свесни за својата грешност. Тоа не е резултат не некое болно преиспитување и анализа на сопствениот живот. Тоа е чесно прифаќање на себеси такви какви што сме, потоа сфаќаме кој е Христос и колку тежнееме да бидеме слични на Него.

Сабота, 28 ноември 2026

Поблизу до Исус

Кога искушенијата ќе дојдат на нас, тогаш ни е потребен духовен вид, за да можеме да препознаеме што наумил сатаната и тогаш ќе се прилепиме за Христа. Приближете му се на Бога и Тој ќе се приближи до вас. Спротивставете му се на ѓаволот и тој ќе побегне од вас. Неопходно е во секој момент да водиме добра борба на верата; бидејќи мораме да се спротивставиме на сомневањето, а да ја поттикнуваме верата. Во искушенијата, разумот треба да ги надвладее телесните наклоности. Нашето „јас“ ќе бара со сета сила да му се угодува, но на таа наклоност ќе треба да ѝ се спротивставиме и тоа искушение да го победиме со Божја сила.

Господ дал предупредувања и ги изнел начелата за кои секој христијанин мора да размислува и да ги воведе во својот секојдневен живот. Оние кои рамнодушно се однесуваат кон светлината и предупредувањата кои Бог милостиво ги дал, ќе станат сè посебични и самодоволни. Оние кои не се потпираат на Бога, непријателот сигурно ќе ги победи. Сатаната се служи со сите можни лаги и интриги за да може во своите редови да ги задржи оние кои тврдат дека се на Господовата страна. Тој ќе ги заслепува нивните очи сè додека не почнат светлината да ја нарекуваат темнина, а темнината светлост...

Иако Божјата светлина блеска појасно отколку порано, сè појасно почнува да блеска како што се приближуваме кон крајот на историјата на овој свет. Оние кои ќе бидат способни да ја разликуваат вистината од заблудата, ќе бидат луѓе кои често паѓаат на своите колена барајќи ја вистината и мудрост од Бога. Само блескавите зраци на Сонцето на правдата можат да ги разоткријат бројните и разновидни непријателски стапици. Лошите се служат со сите облици на лага и неправда. Иако своите очи не смееме да ги задржуваме на силата на темнината, во исто време не смееме ни да бидеме во незнаење за нивните стапици.

Нашата вера треба да биде насочена кон Исуса Христа. Гледајќи на Него, потпирајќи се на Неговата сила која ни е доволна во секоја

неприлика, нашите срца се здружуваат со Неговото срце, нашиот живот со невидливи нишки е вткаен во Неговиот живот; и затоа што Тој живее, и ние ќе живееме. Ова е практична побожност; нас мора да нè одржи Божјата сила со верата и спасението. Никој од нас не може да биде сигурен, освен кога со вечен завет, кој никогаш нема да го заборавиме, сме поврзани со Господа (Елена Вајт, Review and Herald, 14 март 1893).

Сабота, 5 декември 2026

Бојно поле

„Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места“ (Ефесјаните 6,12).

Овој грешен свет станал бојно поле на најголемиот судир кој жителите на небесната вселена и земните сили некогаш имале можност да го гледаат. Тој бил одреден како сцена на која ќе се одигра големата борба меѓу злото и доброто, меѓу небото и пеколот. Секое човечко суштество ја игра својата улога во тој конфликт. Никој не може да остане на неутрален терен. Луѓето мораат или да го отфрлат, или да го прифатат Откупителот на светот. Сите се сведоци или за Христа или против Него. Христос ги повикува оние кои стојат под Неговото знаме како верни војници да се вклучат со Него во борбата, и така да можат да го наследат венецот на животот (Елена Вајт, SD 242).

Битките мора да се водат секој ден. Големата борба се води околу секоја душа, војна меѓу кнезот на темнината и Кнезот на животот... Ти, како Божјо орудие, треба да му се покориш Нему за Тој да може да ја планира, насочува и води битката околу тебе со твоја соработка. Кнезот на животот стои на чело на своето дело. Тој треба да биде со тебе во твојата секојдневна борба со самиот себе, за да им

остане верен на начелата; за да може страстите, кога ќе се борат за превласт, да бидат уништени од Христовата благодат, за ти да бидеш повеќе од победник во Оној кој нас нè љуби. Исус има преглед на бојното поле. Тој ја знае силата на секое искушение. Тој знае како да се соочи со секоја неволја и како да ти помогне да го минеш секој опасен пат (Елена Вајт, SD 160).

Исус сака да има народ кој копнее да прави добри дела, кој ќе биде цврст среде загаденоста на ова изопачено време. И навистина, ќе има и такви кои толку цврсто ќе се држат до божествената сила што ќе бидат отпорни на секое искушение. Лошите пораки од шарените плакати можат да се обидат да влијаат на нивните сетила и да го расипат нивниот ум; меѓутоа, тие ќе бидат така соединети со Бога и ангелите што ќе изгледаат како луѓе кои ниту гледаат ниту слушаат. Тие мораат да го извршат делото кое никој друг не може да го изврши наместо нив, всушност да се борат во добрата борба на верата и да се држат за вечниот живот...

Младите би требало толку цврсто да се држат до начелата за ни најсилните искушенија на сатаната да не можат да ги оттргнат од нивната преданост кон Бога (Елена Вајт, 3T 472).

Сабота, 12 декември 2026

Неопходна е верност

Ние сме Христови војници; а од оние кои ќе се пријават во Неговата војска се очекува да извршат тешко дело, дело кое ќе ги оптовари нивните сили до крајните граници. Ние мораме да сфатиме дека војничкиот живот е исполнет со решително водење на војните, со истрајност и издржливост. Поради Христа мораме да ги издржиме неволјите. Ние не сме се впуштиле во привидна битка (Елена Вајт, 6T 140).

Донеси одлука дека, не во својата сила, туку во силата и благодатта добиена од Бога, Нему ќе му ја посветиш сега, токму сега, секоја своја способност, сета своја сила. И тогаш ќе го следиш

Исуса зашто Тој те повикува, без да прашаш каде ќе те води или каква награда можеш да очекуваш...

Кога ќе умреш за своето „јас“, кога ќе му се предадеш на Бога да го работиш Неговото дело, тогаш светлината што си ја добил од Него, ќе ги открива добрите дела, и тогаш нема да работиш сам. Божјата благодат ти стои на располагање да ти помогне во секој твој напор да ги просветлиш оние кои не знаат и оние кои не се свесни дека крајот на сè се приближил. Меѓутоа, Бог нема да ја работи твојата работа наместо тебе! Светлината може да блеска со полн сјај, но добиената благодат ќе ја преобрати твојата душа само ако те поттикне да соработуваш со божествените орудија. Ти си повикан да го ставиш на себе сето Божјо оружје и да стапиш во Господовата служба како активен војник. Божествената сила треба да соработува со човечките напори за да се разбие магијата на световните волшепства што непријателот ги фрла врз душите (Елена Вајт, 8T 55.56).

Господ ни укажал чест кога нè избрал за свои војници. Затоа да се бориме храбро за Него, издигнувајќи го она што е вистинско со секоја своја постапка. Честитоста во сè е битна во борбата на секоја душа. И додека се трудиш да постигнеш победа над своите склоности, Тој ќе ти помогне со својот Свети Дух да бидеш внимателен во секој свој потфат, за да не му дадеш прилика на непријателот да зборува зло за вистината (Елена Вајт, SDA BC 6, 1119).

Ние сме Христови војници. Тој е Војвода на нашето спасение, а ние се потчинуваме на Неговите наредби и правила. Ние треба да го носиме Неговото оружје, и да се движиме единствено под Неговото знаме... На себе треба да го носиме сето Божјо оружје и да работиме така како да сме пред очите на целата небесна вселена (Елена Вајт, TM 296).

Сабота, 19 декември 2026

Благороден карактер

Бог очекува од нас својот карактер да го изградуваме во согласност со Примерот кој ни е покажан. Ние треба да редиме тула по тула, на совршенството да додаваме совршенство, да ги пронаоѓаме своите слаби точки и да ги исправаме во согласност со упатствата што ни се дадени. Кога ќе се пронајде пукнатина во ѕидот на една градба, ние знаеме дека со таа зграда нешто не е во ред. И за време на изградбата на карактерот, често се забележуваат пукнатините. Доколку не се отстранат тие слабости, целата зграда ќе се урне кога околу неа ќе почнат да навалуваат бури.

Бог ни дава сила, способност за разумно одлучување, време кога можеме да изградиме карактер на кој Тој ќе може да го стави својот печат на одобрување. Тој сака секое Негово дете, правејќи непорочни и благородни дела, да гради благороден карактер, и на крајот Тој да може да го прикаже како една цврста и убава градба, прекрасен храм, во чест и кај Бога и пред луѓето (Елена Вајт, CG 165.166).

Благородниот и урамнотежен карактер не се наследува. Тој не се постигнува случајно. Благородниот карактер се стекнува со поединечен напор преку Христовите заслуги и Неговата благодат. Бог дава таланти, умни способности, ние го обликуваме карактерот. А тој се гради со тешки и остри конфликти со самите себеси. Ние мораме да водиме битка против своите наследени склоности. Ние мораме самите себеси да се ставиме на остра критика; не смееме да дозволиме ниту една наша негативна црта да остане неисправена (Елена Вајт, MYP 99).

Карактерот се обликува со животот што го живееме со Христовата милост. Во душата почнува да се обновува изворната убавина. Подарени ни се особините на Христовиот карактер и почнува јасно да свети ликот на Божествениот. Лицата на мажите и жените што одат и работат со Бога покажуваат небесен мир. Опкружени се со небесна атмосфера. За овие души почнало Божјето царство. Тие

имаат Христова радост, радост што се благослов за човештвото. Тие ја имаат таа чест што се прифатени да му служат на Учителот; ним им е доверено да ја извршуваат неговата работа во негово име (Елена Вајт, Копнежот на вековите, 312).

Како што е Бог чист во своето опкружување, така и човекот треба да биде чист во своето. А ќе стане чист ако во него живее Христос, надежта на славата; бидејќи тој ќе го имитира Христовиот живот и ќе го одразува Неговиот карактер (Елена Вајт, GW 366).

Сабота, 26 декември 2026

Чека на нашето барање

Молитвата е од небото одредено средство за успех во борбата против гревот и во развојот на христијанскиот карактер. Божественото влијание, што се јавува како одговор на молитвата упатена со вера, во душата на молителот го остварува сè она за што се моли. Можеме да се молиме за проштавање на гревот, за Светиот Дух, за карактер сличен на Христовиот, за мудрост и сила да го извршуваме неговото дело, за секој дар што го ветил, зашто неговото ветување гласи: „Барајте и ќе добиете!“ (Елена Вајт, AA 564).

Исус е наш помошник; во Него и преку Него ние мораме да победиме... Христовата благодат чека да ја побараме. Тој ќе ви ја даде неопходната благодат и сила доколку тоа го побарате од Него... Христовата религија ќе ја врзе и ќе ја потисне секоја несвета страст, ќе ја придвижи енергијата, самодисциплината, вредноста, дури и околу прашања од обичниот секојдневен живот; таа ќе нè поведе да се научиме на економичност, тактичност, самоодрекување, па дури и откажувањата да ги прифаќаме без приговори. Христовиот Дух во срцето ќе се покаже во карактерот; ќе развие благородни особини и сила. Христос рекол: „Доволна ти е мојата благодат!“ (2. Коринќаните 12,9) (Елена Вајт, HC 29).

Во молитвата е неопходна ревност; не смеете на ништо да му дозволите да ја попречи вашата молитва. Вложете секаков напор

да одржите врска меѓу Исуса и својата душа. Искористете секоја прилика да одите на местата одредени за молитва. Оние кои навистина се трудат да одржуваат врска со Бога, ќе се видат на молитвените собири, верни во извршувањето на својата должност, искрени и жедни да ги пожнеат сите благослови што можат да ги стекнат. Тие ќе искористат секоја прилика да се изложат на зраците на светлината од небото.

Би требало да се молиме во семејниот круг, но над сè, не смееме да ја занемариме тајната молитва, зашто таа е живот на душата. Душата не може да напредува ако се занемарува молитвата. Семејната или јавната молитва сама по себе не е доволна. Душата во скришна соба нека се отвори пред испитувачкото Божје око. Тајната молитва треба да ја чуе само Бог кој ги слуша молитвите. Ниедно љубопитно уво не треба да ја чуе содржината на таквите молитви. При тајната молитва душата е слободна од влијанието на околината, слободна од вознемирувањата. Смирено, но сепак сесрдно, душата го бара Бога. Пријатно и трајно ќе биде влијанието што струи од Оној кој гледа што е тајно, чиешто уво е отворено да ја чуе молитвата што излегува од срцето. Со спокојна, едноставна вера, душата одржува врска со Бога и ги собира зраците на божествената светлина за да се засили и да се одржи во судирот со сатаната. Бог е наш тврд град.

Молете се во тајната соба; и додека се занимавате со својата секојдневна работа, вашето срце често нека му се обраќа на Бога. Така Енох одел со Бога. Овие тајни молитви се издигнуваат како скапоцен мирис кон престолот на милоста. Сатаната не може да го совлада оној кој е така утврден во Бога (Елена Вајт, *Патот кон Христа* 98.99).

Градиво за саботна школа

За подобра саботна школа 4/2026

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Превод и техничка обработка:
Мелита Томовска

Одговара:
Илија Киров

За интерна употреба